# Д О Г О В О Р З А Д Е Л О

1. Друштво за производство, трговија и услуги САНШАЈН ПЛУС ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул.Тодосија Паунов бр.34, со ЕМБС 7629273,(во понатамошниот текст: Нарачател) и
2. ВИЕ (во понатамошниот текст: Вршител)

**Член 1**

Со овој договор, Нарачателот му доверува на Вршителот да ја врши следната работа-Возач на превозно средство во сопственост на Вршителот а за извршување на услугите дадени од Нарачателот- Друштво за производство, трговија и услуги САНШАЈН ПЛУС ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул.Тодосија Паунов бр.34, Кочани.

**Член 2**

Вршителот се обврзува да ја врши работата совесно и квалитетно, според описот и природата на работата, постапувајќи според упатствата на Нарачателот, а во согласност со нормативите и стандардите за овој вид работа, а сите податоци дознаени во текот на работата да ги чува како деловна тајна.

**Член 3**

Нарачателот има право да врши надзор над извршувањето на работата и да дава упатства кога тоа одговара на природата на работата, а Вршителот е должен да му го овозможува тоа и да постапува согласно дадените напатствија на Нарачателот.

**Член 4**

Нарачателот се обврзува за извршената работа на Вршителот да му исплати определен паричен надоместок во бруто износ од 85%( осумдесет и пет проценти) од извршената работа кој ќе биде пресметан и утврден врз основа на евиденцијата според неделен извештај од страна на Нарачателот.

Персоналниот данок во висина на пропишаната законска стапка на даночната основица, ќе ги плаќа Нарачателот, заедно со исплатата на надоместокот за извршените работи на трансакциска сметка на Вршителот.

Вршителот се обврзува согласно неделната евиденција и извештајот за извршената работа, 15% од утврдениот паричен износ да му ги исплати на жиро сметка на Нарачателот доколку неделната заработка е целосно во готовина.

Персоналниот данок во висина на пропишаната законска стапка на даночната основица, како и бруто износот од 85% (осумдесет и пет проценти) , Нарачателот

ќе ги плаќа на трансакциска сметка на Вршителот на неделно ниво, веднаш по истекот на работната седмица и превземање на неделниот извештај од страна на Нарачателот, а согласно извршената работа од страна на Вршителот.

**Член 5**

Доколку Вршителот има намера и се одлучи да постави на возилото во негова сопственост рекламен материјал во корист на Нарачателот, Нарачателот се обврзува да му исплати надоместок од дополнителни 2% ( два проценти) од веќе утврдените 85% (осумдесет и пет проценти) а согласно извршените работи врз основа на податоците од евиденцијата во неделниот извештај.

**Член 6**

Вршителот одговара за лицата кои по негов налог имаат извршувано работи врз договорената работа како да ја извршил сам.

**Член 7**

Овој договор од страна на Нарачателот ќе биде поставен на интернет апликацијата www.smarttaxi.mk, со тоа што секој заинтересиран- Вршител може да пристапи кон склучување на истиот доколку претходно ги сподели, а по проверка на Нарачателот ги исполнува следните неопходни услови:

Сообраќајна дозвола на возилото, фотографија од возачот, возачка дозвола, фотографии од возилото, уверение за неосудуваност- оригинал, трансакциска сметка за исплата на надоместокот, лична карта од возачот, и осигурителна полиса за возилото.

Личните податоци кои Вршителот ке ги сподели на интернет апликацијата **SMART Driver MK,** се целосно заштитени согласно Законот за лични податоци од страна на Нарачателот.

По исполнувањето на условите и склучување на договорот помеѓу Нарачателот и Вршителот, Вршителот добива апликација за евиденција, и добивање на нарачката во електронска верзија.

За извршување на работите, Вршителот е должен да биде активен на панелот.

**Член 8**

Превозното средство кое го користи Вршителот за извршување на услугите дадени од Нарачателот е исклучиво во сопственост и владение на Вршителот.

Одговорноста околу придржувањето кон законските правила и прописи во текот и за време на управување на превозното средство во сообраќајот и вршење на услугите дадени од Нарачателот е целосно на товар на Вршителот.

**При вршење на контрола од било која државна служба, контрола, претрес при управување на моторното возило на вршителот од друга непредвидена ситуација која би можела да настане при спроведувањето на услугата, одговорноста како кривична така и прекршочна од настанатата штета е целосно на Вршителот.**

Нарачателот во ниту еден случај не сноси никаква одговорност (кривична, прекршочна), во име и за сметка на Вршителот, за превземени противправни дејствија во текот на управувањето на превозното средство, или спрема трети лица за целото времетраење на договорот.

**Член 9**

Овој Договор може да биде еднострано раскинат од страна на Нарачателот во секое време, без отказен рок. Во ваков случај, Вршителот има право на надомест на реалните трошоци кои ги имал во врска со овој Договор.

Вршителот може да го раскине Договорот без отказен рок, единствено доколку Нарачателот не се придржува кон договорените обврски.

**Член 10**

Во случај на спор, надлежени се судовите во Република Северна Македонија.